**Република Северна Македонија**

**Агенција за квалитет во високото образование**

**ОДБОР ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Врз основа на членовите 8, 9, 12, 13, 16 и 18 од Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација („Службен весник на Република Македонија“ бр.153/22), Одборот за евалуација на високото образование објавува

# КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА СТУДЕНТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАДВОРЕШНА ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ И СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Заради формирање на стручни комисии за надворешна евалуација во Република Северна Македонија, а со цел формирање на Регистер на студенти, Одборот за евалуација на високото образование (во натамошниот текст Одбор за евалуација) објавува Конкурс за пријавување на студенти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиски програми во Република Северна Македонија (во натамошниот текст Јавен повик).

## УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА СТУДЕНТИ

За спроведување на надворешна евалуација од редот на студентите може да биде избрано лице кое:

- е државјанин на Република Северна Македонија ;
- има статус на редовен студент на прв, втор или трет циклус на студии во земјата;
- има претходно искуство во евалуација на високообразовни институции во земјата или странство и
- има познавање на англискиот јазик.

## РОК И НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ ОД РЕДОТ НА СТУДЕНТИТЕ

Рокот за пријавување трае 30 дена од денот на објавување на Јавниот повик.

Пријавувањето на кандидатите се врши преку пополнување на Образец, кој се наоѓа на веб страницата на Агенцијата за квалитет на високото образование (АКВО) на следниот линк:

http://akvo.mk/docs/konkursi/Образец%20за%20пријавување%20-%20студенти.docx

Пополнетиот образец се доставува потпишан и скениран на следните електронски адреси:

irina.petrovska@uklo.edu.mk и vlado.gicev@ugd.edu.mk

Во случај на потреба за дополнителни информации, обратете се на следната електронска адреса

vlado.gicev@ugd.edu.mk

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРИЈАВЕНИТЕ КАНДИДАТИ ОД РЕДОТ НА СТУДЕНТИТЕ**

Членовите на стручната комисија склучуваат договор со Агенцијата за квалитет на високото образование (АКВО) во кој се регулираат нивните права и обврски.

Членовите на стручната комисија се должни:

- да ја проучат целокупната документација која е доставена од високообразовната установа;
- да учествуваат на состаноците на стручната комисија;
- да учествуваат во посета на високообразовната установа;
- да подготват индивидуален извештај од надворешната евалуација на установата;
- активно да учествуваат во оценувањето на установата и подготовката на Извештајот од надворешна евалуација;
- подготвуваат одговор на приговор поднесен од страна на високообразовната установа;
- го оценуваат постапувањето по наодите од страна на високобразовната установа за која е предложено одземање на акредитацијата на установата или на одредени студиски програми;
- да се придржуваат до определените рокови и да извршуваат други задачи поврзани со процесот на евалуација согласно поделбата на задачите меѓу членовите на комисијата.

Членовите на стручната комисија потпишуваат изјава за доверливост, заштита и неоткривање на информациите кои ќе произлезат во постапката, како и изјава за отсуство на конфликт на интереси.